| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Есенски лист |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со детето како ја одржува личната хигиена по игрите и прошетката во паркот. |
| **Активности** | Печатње со прст Есенски лист.<br>Возрасниот му предлага на детето да појдат на прошетка до блискиот парк. Со себе понесуваат кошница која им е потребна за собирање есенски лисја. Шетајќи во паркот се објаснува и покажува на детето да ги забележи боите на есента,дрвјата како и есенските лисја што паѓаат од дрвјата. Возрасниот игра заедно со детето клекнуваат и стнуваат собираат во кошницата есенски лисја и шишарки.Потоа детето го насочува кога ќе заврши играта да ги  дезинфицираат рацете,а по пристигнување во домот рацете се мијат. По врќањето во домот ,возрасниот го мотивира детето со темперни боици на лист хартија каде во контура е исцртан есенски лист да  го печати со прст  во боите на есента. Детето се подготвува за работа и со прстот зема од палетата бои кои му се понудени, печати есенски лист самостојно, а возрасниот го поттикнува му објаснува или му помага во работата. Откако ќе се заврши со печатењето листот се става на одредено место во домот да се исуши и прикачува на изложба.<br>Игра  „Клекни-стани“.<br>На подот во домот од кошницата се редат лисјата и шишарките кои се собраа во паркот,а возрасниот со детето ги собира и става повторно во кошницата. Потоа во домот  детето самостојно игра, само ги реди на подот лисјата ,а потоа ги собира во кошницата се додека има интерес за тоа. |